ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Централен депозитар за хартии од вредност
ЦДХВ АД
Бр. 01-1352/1
28.02.2018 год.
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

## ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ

## 2017 ГОДИНА

Скопје, Февруари 2018 година

# 1. Вовед

Извештајот за работата на Централниот депозитар за хартии од вредност (Депозитар) во текот на 2017 година ги опфаќа условите на деловното окружување што имаа влијание на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, активностите на Депозитарот и податоците од извршувањето на функциите на Депозитарот, како и статистички показатели од работењето на Депозитарот релевантни за пазарот на хартии од вредност во Република Македонија. Извештајот содржи и податоци за финансиското работење на Депозитарот и осврт на други околности согласно одредбите на Законот за трговски друштва за содржината на годишниот извештај за работата на друштвото.

Основите за работењето на Депозитарот се уредени со Законот за хартии од вредност во кој се предвидени основните функции кои ги извршува Депозитарот. Согласно член 32 од Законот за хартии од вредност, Депозитар на хартии од вредност ги извршува следните функции:

1. регистрирање на издавањето и преносот на хартиите од вредност во Република Македонија како електронски запис (водење регистар на хартии од вредност);
2. давање меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност (ИСИН) за сите емисии на хартии од вредност;
3. запишување на сопствениците на хартии од вредност;
4. порамнување на трговските трансакции според принципот „испорака наспроти плаќање“;
5. вршење на нетрговските преноси;
6. овозможување услови за позајмување на хартиите од вредност;
7. следење на финансиската состојба на неговите членки, со цел управување со ризикот поврзан со можно непорамнување на трговските трансакции и
8. вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност.

Депозитарот во име на издавачите на хартии од вредност, може да ги врши следниве дополнителни услуги:

1. доставување на ажуриран список на сите постојни сопственици на хартии од вредност издадени од тој издавач и
2. вршење на други услуги во врска со издадените хартии од вредност како што се пресметка и исплата на дивиденда и/или камата, известување за собранија на акционерите и слично.

Ваквата законска одредба беше основата за активностите на Депозитарот реализирани во 2017 година.

## 2. Деловно окружување

Работата на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје во текот на 2017 година беше под влијание на повеќе фактори, кои генерално влијаеа позитивно врз функционирање на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија.

Според Извештајот на ММФ за 2017 година, економска активност продолжува да се засилува на глобално ниво и се проценува дека глобалното производство во 2017 година порасна за 3,7 %, што е за 0,1 % повеќе од проектираното и за ½ % повеќе од 2016 година.

Стапките на раст во Еврозоната и Европската Унија во 2017 година ги надминаа очекувањата, а движењето кон експанзија се очекува и понатаму да продолжи во 2018 година. Според Winter 2018 Interim Economic Forecast се проценува дека економиите на земјите во Еврозоната и ЕУ се зголемиле за 2,4 % во 2017 година, што е со најбрзо темпо во деценијата.

На домашен план, според макроекономските индикатори објавени од Министерството за финансии, 2017 година е обележана со БДП со реална стапка на раст од 1,6 % и стапка на инфлација од 1,4 %.

Според најновите макроекономски показатели објавени од Народната банка на Република Македонија во јануари 2018 година, состојбата на издадените државни хартии од вредност на домашниот пазар на крајот на декември 2017 година изнесува 92. 584 милиони денари и во споредба со крајот на третиот квартал е повисока за 4.736 милиони денари. На збирна основа, за целата 2017 година, државните хартии од вредност се зголемени за 11.214 милиони денари, што претставува 97,5% од предвидениот износ за 2017 година.

Ова значи и дека во текот на 2017 година државата беше редовно присутна како издавач на примарниот пазар на хартии од вредност, при што беа пуштени во промет и државни записи и државни обврзници со задржување на тенденцијата на продолжување на рочноста на постојното портфолио на државни хартии од вредност.

Кварталниот извештај на Народната банка на Република Македонија од ноември 2017 година покажува дека состојбата на меѓународните финансиски пазари во текот на третиот квартал на 2017 година е поволна, при забележано намалување на индексите на променливост одразувајќи ги позитивните остварувања на американската економија во овој период.

На домашниот план, секундарниот пазар на хартии од вредност, според податоците на *Годишниот статистички билтен* на Македонска берза за 2017 година забележува позитивни трендови. Прометот остварен на Македонска берза за 2017 година изнесува 4.738.444.919 денари или 56,73 % повеќе во однос на 2016 година кога изнесувал 3.023.394.172 денари. Најголемиот дел припаѓа на класичното тргување 2.907.809.921 денари, потоа блок трансакциите 1.817.744.356 денари и на крајот се јавните берзански аукции 12.890.642 денари. Бројот на трансакциите во 2017 година изнесувал 16.227 и е за 25 47% повисок од 2016 каде се рализирале 12.933 трансакции. Пазарната капитализација во 2017 година изнесувала 136.338.756.413 денари и е повисока за 17,83 % во однос на 2016 година кога изнесувала 115.710.274.852 денари. Зголемениот обем и вредност на трансакции на Македонската берза, позитивно влијаеше и врз приходите кои ги остварува Депозитарот, а се поврзани со берзантските активности.

Воедно, одобреното редефинирање на надоместоците утврдени во *Тарифата на услугите што ги врши Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за учесниците во работата на Депозитарот и корисниците на неговите услуги*, кои претходно долг временски период не беа предмет на промени и воопшто не го следеа порастот на Индексот на продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар (PPI Index) и надоместоците кои ги наплаќаат други депозитари од регионот, во добар обем влијаеја за обезбедување на редовни приходи за одржливо работење на Депозитарот во 2017 година.

## 3. Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2017 година

### Детални показатели од извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2016 година:

- **Евидентирање на издавачи и иматели на хартии од вредност**

***Хартии од вредност***

Хартии од вредност во системот на ЦДХВ, со состојба на ден 31.12.2017 година.

| | Број на активни ИСИН-и | Издадена количина | Номинален капитал |
|---|---|---|---|
| **Акции** | 507 | 385.141.234 | 212.878.829.413 |
| **Обврзници** | 171 | 1.093.348.532 | 58.177.419.152 |
| **Останати ХВ** | 32 | 3.849.710 | 38.497.100.000 |

***Сметки на иматели***

Структура на сметки, по типови сметки, во системот на ЦДХВ со состојба на ден 31.12.2017 година.

| Тип на сметка | Номинален капитал (МКД) 31.12.2017 | % промена во однос на претходната година | Број на сметки 31.12.2017 | % промена во однос на претходната година |
|---|---|---|---|---|
| **Сопственичка сметка** | 216.356.903.818 | -0,21 | 70.176 | -1,90 |
| **Портфолио сметка** | 168.701.045 | 251,04 | 97 | 64,41 |
| **Застапничка сметка** | 63.987.276 | 18,67 | 12 | 9,09 |
| **Старателска сметка** | 38.754.906.951 | 21,67 | 69 | 11,29 |
| **Други сметки** | 54.208.849.475 | 2,31 | 4.642 | -1,34 |

### *Структура на иматели*

Структура на сметки по тип на инвеститор во системот на ЦДХВ со состојба на ден 31.12.2017 година.

| Инвеститор | 31.12.2017 | 31.12.2016 | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Домашни физички лица | 69.608 | 70.834 | -1,73 |
| Домашни правни лица | 2.054 | 2.107 | -2,52 |
| Странски физички лица | 1.145 | 1.201 | -4,66 |
| Странски правни лица | 195 | 193 | 1,04 |

- **Утврдување и порамнување на трговски трансакции**

### *Утврдување и порамнување на трансакции склучени преку Берза*

Порамнети трансакции во 2017 година склучени на Македонската Берза АД Скопје, изразени во вредност на трансакциите во МКД, број на хартии од вредност и број на трансакции.

| МБХВ | Вредност 2017 година (МКД) | Вредност 2016 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Вредност (МКД) | 4.740.486.330 | 3.025.507.772 | 56,68 |
| Количина ХВ | 6.662.493 | 11.648.329 | -42,80 |
| Број на трансакции | 16.227 | 12.933 | 25,47 |






### *Порамнување на трансакции склучени на ОТЦ пазарот*

Во следната табела се прикажани податоци за порамнувањето на трансакции склучени на ОТЦ пазарот и порамнети во реално време.

| **ОТЦ** | **Вредност 2017 година (МКД)** | **Вредност 2016 година (МКД)** | **Процент на промена** |
|---|---|---|---|
| **Вредност (МКД)** | 4.751.776.452 | 4.130.047.338 | 15,05 |
| **Количина ХВ** | 476.924 | 413.400 | 15,37 |
| **Број на трансакции** | 38 | 45 | -15,56 |

Трансакциите на ОТЦ пазарот се реализирани преку 8 учесници на продажна страна и 7 учесници на куповна страна.

### ❖ Нетрговски преноси на хартии од вредност

Податоци за спроведени нетрговски преноси во системот на ЦДХВ во текот на 2017 година по основ на подарок, наследство и судски одлуки:

| | **2017 година** | **2016 година** | **Процент на промена** |
|---|---|---|---|
| Наследство | 673 | 957 | -284 |
| Подарок | 215 | 272 | -57 |
| Судски одлуки | 19 | 33 | -14 |

### ❖ Спроведени корпоративни дејства во Депозитарот

**Корпоративни активности на акционерските друштва во 2017 год.**

Податоци за спроведени корпоративни активности на акционерски друштва-издавачи на хартии од вредност во системот на ЦДХВ во текот на 2017 година:

| **Активност** | **БРОЈ** |
|---|---|
| Евидентирани нови акционерски друштва | 10 |
| Доделени нови ИСИН-и со основачки емисии | 10 |
| Нови емисии на постоечки АД | 2 |

| | |
|---|---|
| Евидентиран стечај на АД | 17 |
| Евидентирана ликвидација на АД | - |
| Извршена преобразба на АД во друга форма на друштво | 5 |
| Извршено намалување на основна главнина кај АД | 1 |
| Поделба на акции | - |
| Останато | 10 |

Подетални информации за акционерските друштва кај кои во 2017 година се спроведени корпоративни активности се дадени во Прилогот 2 кон овој Извештај.

***Преземање на акционерски друштва***

Во текот на првиот квартал од 2017 година продолжи постапката за преземање на акционерското друштво Единство АД Струмица. Постапката беше финализирана на крајот од кварталот при што на сметките за хартии од вредност на преземачите (две физички лица) беа пренесени 10.668 акции, а на банковните сметки на 7 акционери кои ја прифатија понудата беа исплатени вкупно 3.232.404 МКД.
Беше потпишан и договор за преземање на акционерското друштво Технокомерц АД Скопје.
Во текот на вториот квартал во 2017 година беше завршена постапката за превземање на Технокомерц АД Скопје.

| **Датум** | **Акционерско друштво** | **Број на евидентирани изјави на лица кои ја прифатиле понудата за откуп** | **Број на пренесени хв** | **Број на преноси** | **Вредност на преземањето (МКД)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 26.05.2017г. | Технокомерц АД Скопје | 22 | 3.688 | 22 | 3.688.000 |

На 30.05.2017г склучен е договор за вршење на услуги во постапката на преземање на акционерско друштво по објавување на намера за преземање на Триглав осигурување АД Скопје, со преземачот Triglav INT holdinska druzba од Словенија која беше завршена во текот на третиот квартал во 2017 година.

| **Датум** | **Акционерско друштво** | **Број на евидентирани изјави на лица кои ја прифатиле понудата за откуп** | **Број на пренесени хв** | **Број на преноси** | **Вредност на преземањето (МКД)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 12.08.2017г. | Триглав Осигурување АД Скопје | 23 | 3.946 | 23 | 57.769.440 |

❖ **Активности во врска со државни хартии од вредност**

Депозитарот ја има улогата на Регистар на државните хартии од вредност, чиј издавач е Министерството за финансии на Република Македонија. Во табелата која следи се прикажани податоци за активностите на примарниот пазар на државни хартии од вредност во текот на 2017 година:

| Државни хартии од вредност | број на емисии во 2017 година | износ (МКД) |
|---|---|---|
| нови емисии на шестмесечни записи | 10 | 3.381.830.000 |
| нови емисии на едногодишни записи | 25 | 35.695.270.000 |
| нови емисии на континуирани државни обврзници | 38 | 20.489.460.000 |
| **Вкупно** | **73** | **59.566.560.000** |

| | | |
|---|---|---|
| емисии на доспеани шестмесечни записи | 9 | 3.186.200.000 |
| емисии на доспеани едногодишни записи | 21 | 36.568.020.000 |
| пресметани купони и главници од континуирани државни обврзници | 156 | 10.416.115.451 |
| **Вкупно** | | **50.170.335.451** |

Во доменот на регистрирањето и водењето на обврзници чиј издавач е Министерството за финансии на Република Македонија, извршени се повеќе активности.

- Во текот на 2017 е запишана и структурната обрзница – Обврзници за денационализација од Шеснаесетта емисија. Обврзницата е издадена со износ од 8.000.000 евра, а регистрирани се обврзници на 757 физички лица и на 14 верски објекти.
- Извршена е пресметка на рати и камати по основ на Обврзници за денационализација од шеста до петнаесетта емисија. Истовремено целосно е доспеана Шестата емисија на обврзници за денационализација.

❖ **Овозможување на право на увид во акционерска книга**

Согласно одредбите на Законот за трговските друштва, Депозитарот им овозможува на заинтересираните акционери увид во акционерските книги кај друштвата кај кои поседуваат акции и/или издавање копија од акционерска книга. По тој основ, во 2017 година во Депозитарот се спроведени следните активности:

| | |
|---|---|
| Извршен увид во акционерска книга | 48 |
| Копија од акционерска книга | 48 |

❖ **Известувања согласно Законот за хартии од вредност и Правилата на Депозитарот**

На почетокот на 2017 година беше реализирана обврската на Депозитарот за испраќање на акционерските книги во електронска форма на Акционерските друштва. Беа испратени 352 акционерски книги (по ИСИН број), до 332 акционерски друштва. Бројот на испратени акционерски книги е значително помал од бројот на регистрираните емисии на акции, согласно Точката 6.2 од Правилата за работа, според која акционерска книга со состојба 31.12. од претходната година не се доставува до издавачи за кои е утврден пасивен статус на издавач, како и до издавачи кои не ги намириле обврските по основ на годишен надомест за водење на издадените хартии од вредност за претходната година.

Согласно Законот за хартии од вредност, при регистрирање на хартиите од вредност и при секоја настаната промена на сопственоста, Депозитарот е должен на сопственикот на хартии од вредност да му достави извод од состојбата на сметка на хартии од вредност, без надоместок и во рок од пет работни дена од регистрирањето, односно настанувањето на промената. По овој основ во текот на 2017 година до имателите беа испратени 11.925 известувања.

Со регистрирањето на Шеснаесеттата емисија на обврзници за денационализација, до имателите се испратени 771 известување.

## 4. Членки на Депозитарот

На почетокот на 2017 година бројот на членки на Депозитарот изнесуваше 10 членки, од кои 5 беа банки, а останатите 5 членки брокерски куќи. При крајот на 2016 година беше донесена Одлука за прием на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во членство во Депозитарот, со одложна примена откако Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ќе достави доказ дека е членка на Македонска берза АД Скопје. По исполнувањето на претходно наведениот услов, Шпаркасе Македонија АД Скопје стана оперативна членка на Депозитарот на 09.01.2017 година.

Оттука, на крајот на 2017 година членството во Депозитарот го сочинуваат 11 членки, од кои 6 се банки, а останатите 5 членки се брокерски куќи.

| | Код на учесник | Назив | 01.01.2017 | 31.12.2017 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ЕХ | ЕУРОХАУС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 2 | ИЛ | ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 3 | ИН | ИНОВО БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 4 | КБ | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 5 | МИ | ИНВЕСТ БРОКЕР АД | √ | √ |
| 6 | ЕС | ЕУРОСТАНДАРД БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 7 | СБ | СТОПАНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | √ | √ |
| 8 | ТК | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | ТН | НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 10 | ФР | ФЕРШПЕД-БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 11 | СП | ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ | | √ |

**Теренски контроли на членките**

За потребите на спроведување на редовни годишни теренски контроли, во четвртиот квартал на 2017 година Извршниот директор донесе *План за теренска контрола на членките на Депозитарот за 2017 година* и *Упатство за начинот, времето, предметот, тимот и постапката за спроведување на теренска контрола на членки на Депозитарот за 2017 година*. Врз основа на претходно утврдени критериуми (членката воопшто да не била предмет на теренска контрола од Депозитарот или да не била предмет на контрола во период од 2014 до 2016 и членката со најголем обем на тргувања во период од 01.01.2017 година до денот на донесувањето на Планот) избрани се три членки кои беа предмет на контрола. За извршените контроли беа изготвени и доставени записници до контролираните членки.

**Примена на Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд**

Во текот на 2017 година не беше спроведена ниту една постапка согласно Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд бидејќи во текот на годината не беа констатирани ненавремени уплати на парични средства за порамнување на берзански трансакции на сметките на членките на Депозитарот за порамнување.

Во текот на 2017 година немаше ниту една непорамнета трансакција.

Во текот на 2017 година беше реализирана една постапка за позајмување на хартии од вредност, согласно Правилникот за начинот и условите под кои депозитар на хартии од вредност овозможува позајмување на хартии од вредност (Сл. Весник на РМ бр. 6/2007).

## 5. Активности во делот на информатичката технологија

Покрај основните активности кои беа извшувани во ЦДХВ во делот на информатичката технологија, а кои значеа одржување на функционалноста на системите на Депозитарот за извршување на неговите основни функции уредени со Законот за хартии од вредност и Правилата на Депозитарот, во текот на 2017 година беа преземени и следните активности:

**Одржување на комуникациски линии и воспоставување на нови**

Во четвртиот квартал 2017 година беа обновени договорите со компаниите Неотел и ВИП за услугите за комуникациско поврзување на Депозитарот со членките и останатите институции за соработка. Обновен е договорот за врските до примарната

и бекап локација на Народна банка, како и врската со Македонската берза за хартии од вредност. Исто така обновен е договорот за интернет услуга за инерните потреби на Депозитарот.
За потребите на тестирањето на новиот портал на Депозитарот воспоствена е нова интернет врска со капацитет од 2 Mbps. Откако ќе се пушти во употреба потралот дополнително ќе се утврди дали овој капацитет е доволен или ќе биде потребно да се засили.

**Набавка на хардверска и мрежна опрема**

Согласно Планот за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2017 година, за континуирано одржување и осовременување на компјутерскиот систем на Депозитарот и за непречено функционирање на истиот, извршена е набавка на нова серверска опрема и лиценциран софтвер.

Во таа опрема спаѓаат 3 Fujitsu сервери, сториџ, switch-еви и firewall PaloAlto820, како и НАС уред за редовно бекапирање на системот.

Во делот на комуникациската опрема набавени се 4 нови свич премостувачи HP 1920-48G како замена и надградба на опремата која се користеше во поврзувањето на мрежната инфраструктура на Депозитарот.

**Набавка на лиценциран софтвер**

Набавени се лиценци за Windows Data Centar 2016 кои се инсталирани на новата серверска опрема, при што е извршена виртуелизација на Hyper-V платформа.
Исто така набавени се лиценци за Sql Server 2017, и Veeam Backup Essentials, како и лиценците за firewall PaloAlto 820, и лиценци за меил серверот ExchangeServer 2016.

Во текот на 2017 година спроведена е набавка и извршена е и обнова на лиценците за работа на уредот firewall PaloAlto200, а обновена е и лиценцата за софтверскиот пакет за заштита од вируси Панда Енд Поинт.

**Одржување на хардверска и мрежна опрема**

Во текот на годината вршени се редовни тестирања на редундантноста на линиите за примарно и бекап поврзување на ЦДХВ со Платните системи во НБРМ.
Исто така Депозитарот учествуваше во тест сценариото на Народна банка и на 24.11.2017г. изврши порамнување на трговските трансакции склучени на МБХВ на бекап локацијата на НБРМ.

Во третиот квартал извршено е редовно сервисирање на примарниот клима уред во систем салата.

**Податоци за неактивни сметки**

За потребите на Проектот за неактивни сметки финансиран од страна на ЕБРД во ИТ дирекцијата се испрограмирани процедури и подготвени податоци за неактивните сметки на хартии од вредност кои на 30.06.2016год. и соодветно за една, три и пет години претходно немале трговска активност за периодот. Податоците се однесуваат агрегирано за физички лица и агрегирано за правни лица,

каде се прикажани просечните вредности во номинален капитал, просечен број на хартии од вредност кој се чува на неактивните сметки. Исто така даден е приказ на овие податоци и аналитички на ниво на емисија на хартии од вредност.

**Исплата на дивиденда за Окта АД Скопје**

Согласно Договорот за меѓусебна соработка при спроведување на постапка за пресметка и исплата на дивиденда на акционерите на Окта АД Скопје и пресметка и исплата на соодветните даноци кон Управата за јавни приходи, во Дирекцијата за Информатичка технологија развиени се процедури за пресметка на дивиденда и данок и процедури за автоматско генерирање на Swift пораки за нивна исплата како и автоматско генерирање на известувањата за исплатите до сите акционери. Во тек на третиот квартал извршени се исплати на акционерите како и исплата на данок кон државата во три рока и тоа на 24.07.2017г., 30.08.2017г. и 30.09.2017г. Исплатени се вкуно 841.314 акции (1.186 акционери) во вредност од 91.703.226 МКД.
Преостанатиот износ на паричните средства кој не е исплатен, е вратен на сметката на издавачот Окта АД Скопје.

**Виртуелизација и миграција на нова опрема**

Во четвртиот квартал се изврши делумна мигрирација на постоечкоит кор систем на Депозитарот во виртуализирана околина со што воедно се обезбедија оптимални информатички, технички, комуникациски и технолошки капацитети на Депозитарот за извршување на сите негови функции, вклучително и реализација на развојните активности.

Дел од овие развојни активности се реализирани паралелно со изведувањето на втората фаза од Проектот за функционална надградба на ЦДХВ АД Скопје за развој на нов портал за потребите на инвеститорите и издавачите регистрирани во Депозитарот.

**Анализа за можностите за соработка помеѓу МБХВ и ЦДХВ во доменот на информатичка технологија**

На иницијатива на извршните директори на МБХВ и ЦДХВ, со согласност на Одборот на директори склучен е консултантски договор со Андреј Шкета, експерт од областа на информатичка технологија во доменот на институциите, за изработка на предлог за разгледување на можностите за интегрирање на активностите на ИТ центрите на двете институции. Консултантот во два наврати изврши посети на институциите во текот на кои детално се запозна со организационата структура и функционирањето на ИТ дирекциите во двете институции со цел да биде предложен модел на интеграција и се очекува во 2018-та година да достави Извештај за можните модуси и сегменти на соработка помеѓу двете институции.

## 6. Правни и нормативни активности

### ❖ Изменување и дополнување на акти на Депозитарот кои подлежат на согласност од КХВ

**Правилата за однесување и дисциплина**

Во текот на 2018 година Одборот на директори усвои измени на *Правилата за однесување и дисциплина* кои беа одобрени од страна на КХВ. Целта на измените беше во дефиницијата на „членки на Депозитарот" да се опфатат и друштвата за управување со инвестициски фондови со оглед дека во *Правилата за членство на Депозитарот* претходно е уредена постапката за членство во Депозитарот на овој тип на друштва и притоа е направена е дистинкција во однос на обемот на контролата кај различниот тип на членки на депозитарот. Дополнително, воведена е поголема флексибилност при изборот на составот на Дисциплинската комисија на Депозитарот со оглед дека претходно беше уредено задолжително членување во Дисциплинската комисија на член на Одборот кој е брокер, а настанувaa ситуации кога Одборот на директори во својот состав не вклучуваше брокери. Од тие причини се воведе можност член на Дисциплинската комисија да биде член на Одборот кој има дозвола за работа со хартии од вредност или некој од вработените лица во Депозитарот кои имаат дозвола за работа со хартии од вредност.

### ❖ Интерни процедури

**Активности во врска со Програмата за имплементација на мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје**

Во текот на 2017 година усвоени се измени на Програмата за имплементација на мерките и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам-ЦДХВ АД Скопје. Измените на Програмата се изготвени на иницијатива на Управата за финансиско разузнавање, која на состанок одржан на 15 февруари 2017 година даде насоки во Програмата да се предвиди идентификација на клиент во постапките за преземање на акционерските друштва, на начин утврден со Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Дополнително, со оглед дека од донесувањето на актуелната Програма донесен е нов Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, предложено е да се направи номо-техничко усогласување на Програмата со Законот.
Во таа насока изготвени се измени во форма на нова Програма, кои беа проциркулирани до Управата за финансиско разузнавање на консултации.
Имајќи ги во предвид насоките дадени од Управата со Известувањето бр.11-3/23(17) од 03.05.2017 година, Одборот на директори утврди текст на Програмата на која УФР даде Мислење дека истата се прифаќа бр.03-2700/5 од 25.05.2017_година. По приемот на Мислењето, Одборот на директори на 32-та седница одржана на 29 мај пристапи кон усвојување на Програмата. Веднаш по усвојувањето на Програмата, беше спроведена обука на сите вработени лица кои учествуваат во нејзиното спроведување од страна на овластеното лице во Депозитарот.

## ❖ Иницијативи на Депозитарот за измени во легислативата

### Активности во врска со измени на Законот за хартии од вредност

На иницијатива на Депозитарот, на 25.09.2017 година, остварена е средба со Министерот за финанасии, на која присуствуваа Извршниот директор и Претседателот на Одборот на директори на Депозитарот. Целта на средбата беше запознавање на Министерството за финансии со предлозите на Депозитарот за измени на Законот за хартии од вредност кои беа доставени претходно до Министерството, и кои измени се со цел да се стимулира влез на странски капитал на македонскиот пазар на хартии од вредност

### Активности во врска со измени на Тарифата на Комисијата за хартии од вредност со цел намалување на регулаторниот надоместок кон Депозитарот.

Имајќи ја во предвид висината на регулаторниот надоместок за ЦДХВ за 2016 година (10.505.597, 05 денари) и методологија за определување на истиот, односно дека овој надометок не се определува во зависност од приходите на Депозитарот, туку од вкупната номинална вредност на сите запишани долгорочни хартии од вредност во ЦДХВ на последниот ден на тргување, Одборот на директори во текот на 2017 година ги интензивираше активностите за дефинирање на нов модел на пресметка на овој надоместок.

Иницијална активност беше да се направи компаративна анализа за состојбите во земјите од регионот, која анализа откако беше потврдена од Одборот на директори беше претходно доставена до КХВ, а потоа и до Министерството за финансии со барање да се утврди фер модел на утврдување на регулаторен надоместок.

На остварената средба со Министерот за финансии, на 25.09.2017 година, покрај измените на ЗХВ, Министерот за финанасии беше запознаен со идните предизвици за развој на Депозитарот, и во таа насока од страна на преставниците на Депозитарот беше образложена потребата од намалување на надоместокот кој го наплатува КХВ од Депозитарот и влијанието на овој надоместок врз идните предизвици за Депозитарот, со оглед дека истиот зафаќа значителен дел од приходите. Притоа, од Министерот за финансии беше побарано да го разгледа утврдениот концепт на тарифирање од страна на КХВ и да се заложи за намалување на надоместокот кој се наплаќа од Депозитарот.

Иницираните измени на Тарифникот на КХВ беа точка и на 21.12.2017 година на првата, конститутивна седница на Советот за развој на пазарот на капитал, во чиј состав членува и Извршниот директор на Депозитарот.

### Активности за воведување на надоместоци за услугите на ОТЦ пазарот

Во текот на 2017 година извршени се консултации со НБРМ во врска со можностите за воведување на надоместоците кои би ги наплатувал Депозитарот за услугите кои ги обезбедува при тргувањето на ОТЦ пазарот. Согласно насоките на НБРМ,

Депозитарот направи анализа во однос на ОТЦ надоместоците при што дефинираше симболични надоместоци кои имаат за цел да ги покријат трошоците на Депозитарот при обезбедување на услуги на овој сегмент од пазарот, а притоа да не преставуваат опструкции за негов понатамошен развој. Од таа причина, покрај консултациите со НБРМ , извршени се консултации со преставници на неколку банки, и се очекува новите надоместоци да бидат вградени при наредните измени на Тарифата на Депозитарот во текот на 2018 година.

### ❖ Известувања до Комисијата за хартии од вредност на РМ

Во текот на 2017 година Депозитарот редовно и навремено ги доставуваше до КХВ со закон и со правилници пропишаните известувања:

- Известувања за стекнати повеќе од 5% на хартии од вредност издадени од акционерско друштво со посебни обврски за известување и котирани акционерски друштва
- Известувања за новоиздадени хартии од вредност
- Месечени извештаи за работењето на ЦДХВ АД Скопје
- Известувања во однос на уписи, бришења и ажурирања на Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување

Воедно, во повеќе наврати, на ad hock основа, Депозитарот на барање на КХВ доставуваше податоци за евидентирани состојби во неговиот систем.

### ❖ Активности во врска со одржани акционерски собранија и промени во составот на Одборот на директори

На 25.05.2017 година одржана 22-та седница на Годишно собрание на акционери на ЦДХВ. Собранието во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за хартии од вредност, Законот за трговски друштва и Статутот на ЦДХВ, одлучуваше по однос на следните материјали:

1. Извештај за работата на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2016 година.
2. Извештај за работата на Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2016 година, колективно и од аспект на поединечни членови,
3. Годишна сметка на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2016 година.
4. Финансиски извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2016 година, ревидирани од овластено ревизорско друштво со Извештај од овластен ревизор за ревизијата на финансиските извештаи за 2016 година и Извештај од неизвршните членови на Одборот на директори за резултати од извршената контрола.
5. Одлука за покривање на загубата оставарена по годишната сметка за 2016 година.
6. Годишен извештај за работењето на Одделението за внатрешна ревизија за 2016 година.
7. Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2016 година.

8. Програма за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2016 година.
9. Известување за поднесена оставка на Елена Јакимовска Петровска од функцијата член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.
10. Предлог Одлука за избор на членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.
11. Предлог Одлука за изменување на Одлуката за избор на Комисијата за арбитража.

По одржувањето на 22-та седница на Годишно собрание на акционери на ЦДХВ, Одборот на директори на 32-та седница изврши избор на Даринка Дамјановиќ како нов Извршен член на Одборот. Врз основа на Одлуката за избор на нов извршен член на Одборот на директори на Депозитарот, доставено е Барање за согласност до КХВ кое резултираше со Решение од 29.06.2017 година за согласност за Даринка Дамјановиќ за Извршен директор на Депозитарот со мандат до 24.12.2018 година.

Одборот на директори на Депозитарот на 28.12.2017 година ја прими неотповикливата оставка на Драги Тасевски од функцијата неизвршен член на Одборот на директори на Депозитарот.

### ❖ Други правни и нормативни активности

- Во текот на 2017 година, Депозитарот во својство на тужен беше странка во четири судски постапки, од кои три беа започнати изминатите години, а една во 2017 година. Три постапки завршија со пресуди пред основните судови во корист на Депозитарот, а само една судска постапка заврши со правосилна пресуда на Апелациониот суд во Скопје во корист на тужителот, без дирекни финансиски импликации за Депозитарот. Меѓутоа, имајќи во предвид дека пресудата може да биде искористена како основ за поведување на нов спор против Депозитарот доставен е Предлог за повторување на постапката, а воедно и Управата за јавни приходи која исто така е тужен во овој спор поднесе Ревизија против Пресудата на Апелациониот суд во Скопје.
- Во текот на месец јануари 2017 година е спроведена вонредна контрола на работењето на ЦДХВ од страна на Комисијата за хартии од вредност. Основна цел на контролата беше утврдувањето на вкупната номинална вредност на сите запишани долгорочни хартии од вредност во ЦДХВ на последниот ден на тргување во 2016 година, што преставува основ за плаќање на надомест за надзор согласно Тарифникот на Комисијата. При вршењето на контролата од страна на Депозитарот беше доставено барањето до КХВ со цел да се намали основата врз која се пресметува надоместокот со исклучување на државните хартиите од вредност со кои не се тргува на Берза, со причини образложени во барањето. На ден 24.03.2017 година добиено е известување од КХВ со кое КХВ информира дека Записникот од контролата на ЦДХВ е усвоен и дека утврдената вкупна номинална вредност на сите запишани долгорочни хартии од вредност на последниот ден на тргување во 2016 година е 262.639.926.243,66 денари. Односно, како основа за пресметката на регулаторниот надоместок беше целокупната номинална вредност на сите запишани долгорочни хартии од вредност во ЦДХВ АД Скопје, и покрај барањето на ЦДХВ да не биде земен во предвид износот на државни хартии од вредност кои не

котираат на овластена берза. Врз основа на тоа, регулаторниот надоместок за ЦДХВ за 2017 година изнесуваше 10.505.595 денари на 12 еднакви месечни надоместоци кои беа плаќани во 2017 година.

- Во текот на 2017 година се разгледуваше можноста за соработка со словенечкиот КДД за вршење на услуги на агент од страна на Депозитарот при издавање на LEI (Legal Entity Identifier) за македонските компании. Оваа активност се превзема заради промотивни активности на Депозитарот, меѓутоа од финансиски аспект, имајки во предвид дека има иницијативи за воведување на задолжителна обврска за обезбедување на LEI за сите субјекти кои располагаат со дигитални сертификати, се очекува во иднина Депозитарот со нудењето на оваа услуга да оствари и конкурентска предност.

# 7. Активности во врска со развој на електронски дистрибутивен систем на ЦДХВ

- **I фаза од Проектот за развој на дистрибутивен систем – Изработка на Стратегија и план за набавки**

Во рамките на I фаза од Проектот за развој на дистрибутивен систем во првата половина од 2017 година се изготви Стратегија за работа и развој на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за периодот 2017-2020 година. Овој документ има за цел да ги утврди стратешките цели на Депозитарот за наредниот период и мерките и активностите за реализацијата на стратешките цели. Стратегија е поставена врз призмата на актуелните состојби и регулатива како појдовни основи при планирањето, очекуваните промени во окружувањето и активностите кои треба Депозитарот да ги преземе во наредниот период како одговор на клучните предвизици со кои се соочува.

- **II фаза од Проектот за развој на дистрибутивен систем**

Врз основа на претходно спроведени активности, како продолжеток на Проектот за функционална надградба на ЦДХВ, на 15.05.2017 година склучен е *Договор за грант помеѓу ЦДХВ и ЕБРД за реализација на Фаза 2 од Проектот* во вкупна вредност од 131.600 евра, од кои ЦДХВ АД Скопје ко-финансира 34.610 евра, а ЕБРД 96.990 кои се обезбедуваат во форма на грант. Воедно, истовремено беше потпишан и Договорот за консултантски услуги со СЕМОС.

Од страна на консултантот во текот на месец јули беше испорачана конечната верзија на Систем спецификацијата.Веднаш по одобрување на Систем спецификацијата, СЕМОС ја започна постапката на набавка на хардверската опрема потребна за функционирање на порталот. Паралелно со овој процес започна и развојот на дизајнот на порталот, развојот на дизајнот на базата на податоци како и развојот на останатите компоненти потребни за работа на порталот.

Паралелно со конструкцијата на Порталот, се одвиваше и набавката на хардверот и стандардниот софтвер. Испораката на хардверот заврши на 23.11.2017 со доставување на целата предвидена опрема и лиценци за стандардниот софтвер

Во текот на последниот квартал од 2017 се одвиваа активностите во согласност со Прогрес планот за изработка на Порталот за инвеститори и издавачи. Според планот за изработка на порталот, во текот на овој квартал се одвиваше Фазата на Конструкција на порталот.

Активностите во врска со Проектот продолжуваат и во 2018 година.

## 8. Меѓународна соработка

Во текот на 2017 година, Депозитарот беше во постојана комуникација со меѓународните организации во кои членува како полноправна или асоцијативна членка.

Во текот на 2017 до ANNA (Асоцијацијата на национални нумерички агенции.) и ECSDA (Асоцијација на европски депозитари за хартии од вредност) редовно се доставувани годишни извештаи, одговори на прашалници, истражувања и други документи како редовна обврска на Депозитарот како членка на овие меѓународни организации.

- На 7 март 2017 во Виена, Австрија во организација на Reiffesien Bank Internacional беше оддржана презентација на порамнувањето преку RBI Operational Center. Во презентацијата беше опишана улогата на RBI во реализацијата на пост трговските активности кај тргувањата склучени на SEE LINK. На презентацијата присуствуваа претставници на депозитарот, високи претставници од депозитарите и берзите од регионот, како и високи претставници на ЕБРД како донатори на SEE LINK проектот. При средбите со претставниците на депозитарите, берзите и ЕБРД, разменети се мислења за развојот на пост трговските активности за прекуграничните тргувања реализирани преку SEE LINK платформата.
- На 7 и 8 март во Франкфурт, Германија се оддржа Состанок на бордот на директори како и вонредно генерално собрание на ECSDA. На состанокот некои од темите беа разгледување на годишната сметка за 2016 година, буџетот за 2017 година, развојот на регулативата во Европа, активностите за хармонизација. ЦДХВ на состанокот беше претставувано од Васил Големански, извршен директор на CDAD - Бугарија.
- На 29 и 30 март, во Будимпешта, Унгарија се оддржа Светскиот конгрес на берзи на кој присуствуваа преку 200 делегати од финансиската и берзанската заедница ширум светот. Беа оддржани повеќе презентации, панел дискусии и тркалезни маси. Директорот на ЦДХВ, заедно со претставници на најголемите системи за порамнување (Nasdaq Clearing, CME Clearing Europe) беше учесник на Панелот: *Што треба да преземат пост-трговските инфраструктури за да помогнат во развојот на пазарите на капитал.*

- На 23 и 24 мај 2017г во Малта се оддржа редовното годишно собрание на ANNA – Асоцијацијата на национални нумерички агенции. Депозитарот ја овласти SKDD (Središnje klirinško depozitarno društvo d.d.) од Хрватска да го застапува на собранието. Една од позначајните одлуки на собранието беше одлуката за задолжителна имплементација на ревидираниот стандард за CFI кодови (ISO 10962 - 2015) како и стандардот ISO - 18774 - FISN (Financial Instrument Short Name) почнувајќи од 01.07.2017г.
- Во таа насока , на 30.06.2017г е испратен мастер фајл со користење на новиот формат на испраќање на податоци до Anna Service Bureau, како дел од ANNA – Асоцијацијата на национални нумерички агенции. Испратениот Мастер фајл содржи податоци за 2346 емисии на хартии од вредност, како и податоци за 4 индекси (МБИ10, ОМБ, SEELINX и SEELINX EWI). Мастер фајлот ги содржи и доделените FISN (Financial Instrument Short Name) кодови за сите активни хартии од вредност и индекси, како и ревидираните CFI кодови (ISO 10962 - верзија 2015). Почнувајки од 01.07.2017, Депозитарот започна со секојдневно испраќање на податоци за емисиите на хартии од вредност со примена на новите FISN и CFI кодови.
- На почетокот на месец октомври во Букурешт, Романија одржана е работилница помеѓу преставници на берзите и депозитарите од регионот, иницирана од ЕБРД. Целта на средбата беше презентација на можностите за поврзувањето на депозитарите во регионот, што е своевидно надградување на регионалната платформа за тргување СЕЕ линк, што би требало да резултира со зголемување на обемот на прекуграничното тргување на земјите од регионот и што во моментов странските инвеститори го потенцираат како пречка за влез на пазарот на капитал. Истовремено, посетата на работилницата беше искористена и за остварување на работна средба со преставници на романскиот Депозитар со цел запознавање на тимот вработени од македонскиот Депозитар со идните технолошки и регулаторни предизвици кои произлегуваат од тендециите на европскиот пазар на капитал.
- На 30.11-01.12.2017г во Чиле се оддржа вонредното годишно собрание на ANNA – Асоцијацијата на национални нумерички агенции. Депозитарот ја овласти КДД (KDD - Central securities Clearing Corporation d.d.) од Словенија да го застапува на собранието.
- Во рамките на утврдување на концепт за прекугранично поврзување на Депозитарот кон крајот на месец ноември во Софија, Бугарија беше оддржана работилница на која беше презентиран Draft SEE Link CSD Design Report со 2 модели на управување на SEE LINK Post Trade Solution - модел со кој депозитарите би имале удели во постоечката СЕЕ ЛИНК ДОО, како и втор модел со кој би се формирала нова компанија SEE LINK Post Trade Services, каде удели би имале депозитарите и постоечката СЕЕ ЛИНК ДОО.

# 9. Други позначајни активности во текот на 2017 година и информации

- На иницијатива на Депозитарот, во текот на месец декември одржан е состанокот со корисниците на деловниот простор во зградата Комплекс Банки, на кои исто како и Депозитарот, правото на сопственост на деловните простории кои непрекинато и совесно ги владеат повеќе од 15 години не им е запишано во Катастарот на недвижности на Република Македонија. На состанокот е постигнат консензус повторно да се иницираат активности за решавање на ова прашање пред Министерството за финансии, со цел утврдување на модус за надминување на состојбите вон судска инстанца.
- На 21.12.2017 година беше одржана првата, конститутивна седница на Советот за развој на пазарот на капитал, во чиј состав членува и Извршниот директор на Депозитарот. Како една од поважните точки за дискусија на седницата на Советот беа иницираните измени на Тарифникот на КХВ.
- Во првата половина на 2017 година развиена е соработка со ЕБРД за обезбедување на податоци од Депозитарот за потребите на *Проектот за неактивни сметки* кој се фокусира на неактивните сметки на хартии од вредност во земјите од Југоисточна Европа - Македонија, Бугарија, Романија и Србија, чија цел е да се направи проценка на размерот на овој проблем, неговото влијание на пазарите на капитал, како и развој на потенцијални решенија кои би одговориле на предизвиците произлезени од проблемот на неактивните сметки.
- Во 2017 година Депозитарот ја продолжи соработката со Окта АД Скопје за пресметка и исплата на дивиденда на акционерите на Окта АД Скопје, како и пресметка и исплата на данокот кон Управата за јавни приходи.
- Во текот на 2017 година врз основа на новиот *Закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна државна сопственост* од страна на Депозитарот беа превземени активностите за утврдување на претпријатија во доминантна државна сопственост. Податоците за претпријатијата во доминантна државна сопственост беа потребни заради проверка на исполнување на критериуми наведени во Законот. ЦДХВ во соработка со Централниот регистар на РМ достави податоци до Владата за 3124 претпријатија и датуми на престаноци на работен однос на барателите, како и податоци за движењето на државниот капитал во 219 активни акционерски друштва и 385 акционерски друштва во стечај/ликвидација/преобразени акционерски друштва.
- Согласно заклучок на Владата на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, на барање на Министерството за внатрешни работи, Депозитарот во во 2017 година преку свој пресставник учествуваше во изготвување на *Стратегија на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот*. Со членувањето во оваа работна група, од Депозитарот се очекува да допринесе за давање на предлози за обезбедување на брз и едноставен електронски пристап до податоците од системот на Депозитарот при спроведувањето на финансиските истраги.

- Во периодот од 29-ти ноември до 7-ми декември 2017 година, претставници од Светска банка спроведуваа техничка мисија за пазарот на државни хартии од вредност. Во рамки на мисијата, беше оддржан работен состанок со претставниците на Светска Банка на кој беа разгледувани начините на тргување и порамнување на трансакциите со државни хартии од вредност склучени на пазарите преку шалтер и можните подобрувања на регулативата и системите. Особено стана збор за државните хартии од вредност со девизна клаузула и можноста за реопенинг на овие емисии со што значително би се намалил бројот на емисии и би се олеснила нивната администрација.
- Во јануари 2017 година во Министерството за финансии престојуваше техничка мисија на ММФ и Светска банка со цел зајакнување на капацитетите на Министерството за финансии во управувањето со јавниот долг. Имајќи предвид дека мисијата го опфати и процесот на издавање на државни хартии од вредност, во просториите на ЦДХВ се одржа состанок во врска со порамнувањето на трансакциите на примарниот и секундарниот пазар на ДХВ. На состанокот присуствуваа претставници од ММФ, од Светска банка, од Министерство за финансии и од НБРМ.
- Во рамки на мисијата, во декември 2017 беше оддржан работен состанок со претставниците на Светска Банка на кој беа разгледувани начините на тргување и порамнување на трансакциите со државни хартии од вредност склучени на пазарите преку шалтер и можните подобрувања на регулативата и системите. Особено стана збор за државните хартии од вредност со девизна клаузула и можноста за реопенинг на овие емисии со што значително би се намалил бројот на емисии и би се олеснила нивната администрација.
- На 25.11.2017 година во Хотел ,,Монтана,, Крушево одржана е Работилница на КХВ на која се дискутираше за стекнатите искуства од досегашното функционирање на пзарот на капитал и предизвиците кои престојат.

## 10. Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје

Одборот на Директори на ЦДХВ АД Скопје на 31.12.2017 година го сочинуваат следните неизвршни членови наведени во овој табеларен преглед:

| Име и презиме | Работодавец / Дејност | Членство во органи на управување на други трговски друштва |
|---|---|---|
| Антигона Буклеска Младеновиќ | Комерцијална Банка АД Скопје<br>Дејност:Банкарство | ЦДХВ АД Скопје, Претседател на Одбор на директори |
| Коста Костовски | Еуростандард Банка АД Сопје<br><br>Дејност:Банкарство | ➢ЦДХВ АД Скопје неизвршен член на Одбор на директори,<br>➢Македонска Берза АД Скопје, |

| | | |
|---|---|---|
| | | неизвршен член на Одбор на директори<br>➢ Негорски Бањи АД Негорци, Извршен член на Одбор на директори |
| Гордана Дамеска | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје<br>Дејност: Финансиско посредништво и банки | ➢ ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| М-р Павле Гацов | Проагенс ДОО Скопје<br>Дејност: Издавање на стручни списанија и публикации | ЦДХВ АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Проф. др. Ванчо Узунов | УКИМ - Правен факултет<br>Дејност: Високо-образовна и научна установа | ➢ ЦДХВ АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори<br>➢ Македонија Турист АД Скопје член на Надзорниот одбор |
| Проф. др. Горан Петревски | УКИМ - Економски факултет<br>Дејност: Високо образование и научно-истражувачка работа | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен независен член на Одбор на директори |

Неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ кои се вработени кај акционери на Депозитарот за својата работа во Одборот на директори на Депозитарот не добиваат надомест. Годишните примања за 2017 година на неизвршните, независни членовите на Одборот на директори на ЦДХВ од членството во ЦДХВ на годишно ниво изнесуваат 180.000 денари нето износ по член. ЦДХВ АД Скопје на сите неизвршни членови на Одборот на директори во 2017 година им нема исплатено други надоместоци за членство во Одборот на директори по основ на бонуси, осигурување и други права.

Годишните примања за 2017 година на наведените членови на Одборот на директори на ЦДХВ по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата кај соодветниот работодавец и по основ на бонуси, осигурувања и други реализирани права кај соодветниот работодавец (доколку се исплатени) се следните редоследно според табеларниот преглед: 1.188.886 денари плата и 47.352 денари надоместоци на плата; 2.286.814 денари плата; 1.183.579 денари плата и 15.009 денари регрес; 840 000 денари; 704.040 денари и 285.664 надоместоци на плата и 539.868 други права, годишен надоместок за членство во износ од 264.572 денари, и советодавни услуги во Владата на Република Македонија 272.850 денари; 1.758.187; сите дадени во нето износи.

Извршниот директор не членува во органи на управување на други останати друштва и податоците за неговите примања се дадени во глава 11 од овој Извештај.

## 11. Остварени финансиски резултати во 2017 година

Во 2017 година, Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје оствари **вкупни приходи** во износ од **40.077.559 МКД**. Вкупните приходи се зголемени во однос на остварените приходи во 2016 година за 13%. Во оваа сума се вклучени и приходите од Грант на ЕБРД втора фаза во износ од 1.235.008 МКД кои едновремено се евидентираат и како приходи и како расходи на Депозитарот, со што двете позиции немаат влијание во балансирањето на крајниот финансиски резултат во Билансот на успех. Отука ако се направи прилагодување на вкупните приходи на Депозитарот за приходите од грантот од ЕБРД втора фаза , вкупните приходи на Депозитарот изнесуваат 38.842.551 МКД, што преставува зголемување за 9,5%, односно 3,369,869 МКД во однос на претходната 2016 година..Ова се должи како резултат на повеќе реализирани приходи по основ на порамнување на трансакции на овластена берза , како и зголемени приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на акциите на АД во Р.Македонија. Во однос на планираните, реализираните приходи во 2017 година се помали за 6% во однос на проектираните со финансискиот план на ЦДХВ за 2017 година, што значи е постигнато планираното ниво на реализација на вкупните приходи во 2017 година.

Приходите остварени од камати изнесуваат 913.128 МКД и претставуваат 1,94% од вкупните приходи. Овој износ произлегува од камати од орочени депозити, камати на депозити повидување и приход остварен од продажба на удели во паричен фонд. Приходите по овој основ се помали во споредба со нивната реализација во 2016 година за 18%, а за 9% помали во однос на планираните приходи во финансискиот план. Намалувањето на приходите по овој основ во однос на приходите во 2016 година главно е предизвикано поради континуираниот пад на активните каматни стапки и поради потребата од разрочувањето на мал дел од денарските депозити заради одржување на тековна ликвидност. Зголемувањето на приходите во однос на проектираното со финансикиот план за 2017 година е резултат на приносот од продажба на удели во паричен фонд. На 31.12.2017 година Депозитарот има денарски депозити орочени на 6 и 24 месеци во вкупен износ од 46.100.000 МКД и орочени девизни депозити во Евра на 12 месеци во вкупен износ од 10.637.891 МКД или вкупно денарски и девизни депозити 56.737.891 МКД.

Приходите по основ на провизии и надоместоци за 2017 година изнесуваат 37.400.212 МКД и истите се зголемени за 24% во однос на 2016 година, во однос на финансискиот план 4% повеќе реализрани приходи по основ на провизии и надоместоци во 2017 год. Подетално подолу се презентирани сите видови приходи во оваа категорија:

- Остварените приходи од членките на Депозитарот по основ на нивната годишна членарина за 2017 година изнесуваат 950.025 МКД. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 2,37%. Приходите по овој основ се намалени за 5% и во однос 2016 година и за 12% помали во однос на планираните. Причината на ваквото намалување на овие приходи е тоа што во текот на 2017 година е фактуриран помал приход по основ на пристап од брокерските куќи поради тоа што членките на Депозитарот имале промет од порамнување на трговски трансакции реализирани на Берза кој генерира месечен надомест од порамнување поголем од 50.000 МКД заради што можеле да го користат месечното ослободување од членарината.
- Остварените приходи по основ на порамнување на трансакции реализирани на овластена берза во 2017 година изнесуваат 10.489.966 МКД и во вкупните

приходи учествуваат со 26,17%. Овие приходи се зголемени за 51% во однос на 2017 година како резултат на зголемениот берзански промет во 2017 година во однос на 2016 година, во однос на финасискиот план истите покажуваат пораст во 2017 година за 25%, што соодветно значи и поголеми приходи од порамнување на трансакциите.

- Остварените приходи по основ на иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност изнесуваат 176.000 МКД. Приходите по овој основ се зголемени 38% во однос на нивната реализација во 2016 година, а и во однос на планираните приходи, реализацијата во 2017 година е за 10%, поголема споредена со финансискиот план. Зголемувањето на овој приход е резултат на нови АД регистрирани во системот на ЦДХВ во 2017 година. Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,44%.
- Остварените приходите по основ на годишна евиденција за акции , како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на акции во 2017 година изнесуваат 14.383.086 МКД, покажуваат зголемување во однос на планираното 2% и во однос на реализираното во 2016 година 64%.поради промените во Тарифата за годисните членарини во 2017 година.Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 35,89%.
- Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност изнесуваат 2.056.103 МКД и истите учествуваат во вкупните приходи со 5,13%. Процентот на нивната реализација во однос на 2017 година бележи пораст од 17%,како во однос на финансискиот план за 2017 година, така и во поглед на реализацијата 2017/2016 година.
- Остварените приходите по основ на упис на емисии во 2017 година изнесуваат 1.664.000 МКД. Во вкупните приходи истите учествуваат со 4,15%. Приходите се на нивото како и во 2016 година, како и на нивото на планираното во финансискиот план за 2017 година. Овој приход произлегува од сите нови евидентирани емисии на хартии од вредност во системот на Депозитарот за 2017 година издадени од акционерски друштва и Министерството за финансии.
- Остварените приходи од правни лица за извршени услуги по основ на регистрација на подароци на хартии од вредност, нетрговски преноси, стандардни извештаи, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи, потврди за иматели на хартии од вредност, доставување на податоци до институции, корпоративни дејства и слично во 2017 година изнесуваат 6.819.989 МКД. Процентот на нивната реализација во однос на 2016 година е помала за 18%. Реализираните приходите по горе наведените основи се за 9% помали од планираното во финансискиот план за 2017 година. Во вкупните приходи истите учествуваат со 17,02%.
- Остварените приходи од физички лица за извршени услуги по основ на подароци на хартии од вредност, нетрговски преноси, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи и слично изнесуваат 666.043 МКД. Процентот на нивната реализација бележи пад во однос на 2016 година за 17% во однос на 2016 година, како и пад во однос на планираните за 2017 година за 33%. Намалувањето на овие приходи е резултат на намалениот интерес на акционерите да бараат услуги од ЦДХВ согласно горе наведените ставки. Во вкупните приходи истите учествуваат со 1,41%.

- Остварените приходи по основ на увиди и копии од акционерски книги изнесуваат 195.000 МКД. Приходите по овој основ бележат пад во однос на 2016 година за 18%. Кај приходите по овој основ исто така бележат намалување за 35% , во однос на планираната проекција во финансискиот план за 2017 година, што се должи на намалениот интерес на акционерите да прават увид и да земаат копии од акционерски книги.Во вкупните приходи истите учествуваат со 0,41%.
- Депозитарот во 2017 година оствари останати приходи од дејност во износ од 529.211 МКД. Во овие приходи влегуваат приходи по основ на позитивни курсни разлики, наплатени отпишани побарувања, наплатени провизии за услуги во име на други АД, како и др. наплатени приходи. Истите бележат пораст за 36% во однос на 2016 година. Приходите по овој основ бележат пад и во однос на планираните за 2017 година за 12%. Во вкупните приходи приходите од останати приходи од дејност учествуваат 1.12%.

**Вкупните расходи** остварени во 2017 година изнесуваат 35.569.589 МКД и истите се помали за 9% во однос на 2016 година. Вкупните расходи во 2017 година се за 16% во однос на планираните во Финансискиот план за 2017 година. Во оваа сума се вклучени и расходите од Грант на ЕБРД втора фаза во износ од 1.235.008 МКД кои едновремено се евидентираат и како приходи и како расходи на Депозитарот, со што двете позиции немаат влијание во балансирањето на крајниот финансиски резултат во Билансот на успех. Оттука ако се направи прилагодување на вкупните расходи на Депозитарот за расходите од грантот од ЕБРД втора фаза , вкупните расходи на Депозитарот изнесуваат 34.345.581 МКД, што преставува намалување за 2,8%, односно 989.143 МКД во однос на претходната 2016 година.

- Во 2017 година расходите за провизии и надоместоци главно се направени за провизии за банки и истите изнесуваат 159.623 МКД. Трошоците за провизии за банки се за 68% поголеми од оставарените во 2016 година, а поголеми и за 60% во однос на проектираните за 2017 година.Ваквото зголемување во поглед на банкарските провизии се должи на тоа што Депозитарот се јави како посредник во исплатата на дивидендата за акционерите за Окта, дел од провизијата која се појавува како трошок-расход е едновремено е и наплатен приход од страна на АД Окта Скопје.Расходите по овој основ во вкупните расходи учествуваат со 0,45%.
- Трошоците за вработени во 2017 година изнесуваат 14.196.074 МКД и во нив се вкалкулирани бруто платите на вработените како и трошоците на вработените во согласност со колективниот договор (регрес за годишен одмор за вработените,надоместок за лекување на вработен, надоместок за смрт на вработен),стручно оспособување на вработените. Овие расходи во вкупните расходи учествуваат со 39,91%. Овие трошоци се помали во однос на планираното во финансискиот план за 2017 година 11%, како и помали во однос на реализираното во 2016 година 4%. Во трошоците за вработените се вградени и трошоците за бруто платата на Извршниот директор од 2.886.243 МКД.
- Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 1.398.518 МКД, што претставува 3,93% од вкупните расходи. Трошокот на амортизација покажува намалување за 8% во однос на реализираниот трошок за 2016 година како на резулт на отписот на дел од опремата на Депозитарот.Намалување на тршокот на амортизација е и во однос на планираниот трошок во финансискиот план за 2017 година.Намалувањето е за 33%. Амортизацијата

на материјалните и нематеријалните вложувања е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Депозитарот.Активностите кои беа превземениво тек за развој на дистрибутивен систем преку грант од ЕБРД втора фаза започна кон крајот на септември 2017 година што подразбираа и компонента за самофинансирање (соодветен на планираните набавки за 2017 година во тој дел). Сите набавки на хардверска опрема, софтвер и лиценци за 2017 година потребни за имлементација на II фаза од дистрибутивниот систем се прикажани во Билансот на состојба во рамките на позициите на нематеријални иматеријални средства во подготовка и нивната амортизација ќе отпочне со активирањето на истите во 2018 година.,

- Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва во 2017 година изнесува 1.239.403 МКД. Истата, како трошковна ставка, учествува со 3,48% од вкупните расходи на ЦДХВ за 2017 година. Трошокот по овој основ покажува намалување во однос на 2016 година за 8%. Ако се изврши споредба на трошокот по основ на исправката на вредност на побарувањата на АД во 2017 година во однос на планиранираното за 2017 година, трошокот по овој основ бележи намалување од 35%, бидејќи во 2016 година беше забележан рекорд од стечаи и бришани АД во Централниот Регистар на Р:Македонија.
- Останатите расходи од дејност изнесуваат 17.340.963 МКД и истите учествуваат со 48,75% од вкупните расходи на ЦДХВ во 2017 година. Во рамките на останатите расходи од дејност се јавуваат следните трошковни ставки:
- Трошоците за регулаторниот надоместок спрема КХВ за надзор на депозитарот изнесуваат 10.505.592 МКД и истите учествуваат со 29,54% во структурата на вкупните расходи. Во однос на реализираните расходи од дејност, надоместокот кој ЦДХВ го плаќа кон КХВ учествува со 59,42% како најголем тошок во неговата структура. Ако се погледне учество на трошокот за КХВ спрема вкупните приходи на Депозитарот реализирани во 2017 година, трошокот по овој основ изнесува 26,21% од вкупните приходи, што значи дека неговото учество е повеќе од ⅓ од остварените приходи на Депозитарот во 2017 година кои се одлеваат како трошок за надоместок спрема КХВ. Во актуелниот амбиент на работа на ЦДХВ, регулаторниот трошок кон КХВ во 2017 година во однос на 2016 година е намален за 336.588 денари во апсолутен износ поради намалувањето на номиналниот износ на хартиите од вредност што се водат во системот на ЦДХВ, што пак е основа за пресметка на надоместокот согласно Тарифникот на КХВ.
- Материјалните и слични трошоци во 2017 година изнесуваат 1.559.612 МКД или 4.38% од вкупните расходи (канцелариски материјал, трошоци за електрична струја, парно, гориво, вода, ѓубретарина, потрошен ситен инвентар и амбалажа, одржување хигиена, материјални трошоци од Заеднички служби во Комплекс НБРМ, резервни делови, потрошен материјал, новини, списанија и стручна литература)
- Трошоците за услуги изнесуваат 2.209.218 МКД и истите учествуваат со 6,21% од вкупните расходи. Во трошоците за услуги спаѓаат поштенски, телефонски трошоци, трошоци за мобилна т-фонија, сервисни услуги, нотарски, адвокатски, консултански и интелектуални услуги, интернет услуги, комунална такса, радиодифузна такса, други непроизводни услуги, трошоци за плати за заеднички служби на НБРМ, трошоците за ревизија на финансиските извештаи на депозитарот и други.

- Трошоците за надомест за членови на Одбор на директори изнесуваат 600.012 МКД односно 1,69% од вкупните расходи. Во однос на трошоците по овој основ истите се на нивото во 2016 година и на нивото на планираното.
- За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 284.936 МКД и исти бележат пораст во 2017 година од 43% во однос на 2016 година како резултат на извршени активности поврзани со дистрибитивниот систем на Депозитарот, како и активности за поврзување на Депозитарите во регионални рамки. Расходите по овој основ се намалени за 5% во 2017 година, но се во рамките на планираните расходи во финансискиот план.Трошоците за службени патувања преставуваат 0,80% од вкупните расходи.
- Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 267.525 МКД и претставуваат 0,75% од вкупните расходи. Во однос на планираните трошоци за оваа намена реализацијата е за 11% помала во однос на планираното, додека во однос на нивната реализација, трошоците по овој основ во 2017 година во однос на 2016 се движат со иста динамика како и во 2016 година.
- Трошоците за осигурување изнесуваат 13.348 МКД и се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опрема, мебел. Реализацијата на трошоците за осигурување изнесува само 7% од предвидената проекција во Финансискиот план за 2017 година бидејќи не се реализирани трошоците за менаџерско осигурување и трошоците за професионално осигурување на друштвото. Трошоците за осигурување во 2017 година во однос на 2016 година се исто така намалени за 41% поради добиениот попуст при реализацијата на осигурувањето на имотот.
- Реализацијата на другите трошоци во 2017 година изнесува 1.900.720 МКД и претставуваат 5,34% од вкупните расходи. Овие расходи се направени по основ на плаќање членарини за Европска Асоцијација на Централни депозитари за хартии од вредност (ECSDA), Асоцијација на национални нумерички агенции (ANNA), исплатен надомест на извршниот директор ,со мандат до 30.06.2017 година, членарина за бизнис картичка, судски и административни такси и слично.Реализацијата на трошоците по овој основ покажува зголемување од 134% во 2017/2016 година , како и зголемување во однос на планираната проекција за 68%.

* * *

Како резултат на остварени пониски приходи од расходи, Депозитарот по Годишната сметка за 2017 година оствари добивка пред оданочување во износ од **4.507.970 МКД.**

Пресметан е данок на добивка во износ од **0,00 МКД** , како резултат на даночна основа **0,00 МКД** и нето добивката за деловната година за 2017 година изнесува **4,507.970 МКД.**

* * *

**Вкупната актива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 31.12.2017 година изнесува **95.586.725 МКД.** Во структурата на активата најликвидните средства (паричните средства, како и депозити во банки орочени на 6 и 24 месеци, со рок на разрочување од три дена во текот на 2017 година)

учествуваат со 66,82%, од што произлегува финансиската стабилност на Депозитарот.

Учеството на материјалните и нематеријални средства од 23.486.767 МКД учествува со 25,37% од вкупната актива, а побарувањата од комитенти изнесуваат 6.686.010 МКД или 7,22% од вкупната актива. Побарувањата од комитенти во голем дел произлегуваат од годишните членарини за водење на акционерските книги на акционерските друштва во Р.Македонија, од побарувањата од приходи за порамнување на овластена берза за месец декември и од услугите извршени за Министерство за финансии на Р. Македонија (особено побарувањата за годишниот надоместок за водењето на евиденцијата на долгорочни должнички хартии од вредност) кои се фактурирани на крајот од годината.

**Вкупната пасива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2017 година изнесува **92.586.725 МКД.** Вкупните обврски на 31.12.2017 година изнесуваат 5.688.740 МКД, а од тоа обврските спрема добавувачите изнесуваат 862.846 МКД. Обврски во одложеното плаќање на трошоци и приходи во идни периоди спаѓа износот 467.107 МКД е обврската по данокот на додадена вредност која достасува за плаќање во Јануари 2018 година,обврски по основ на пресметани провизии од банки 3.206 МКД, обврска за примениот аванс од “Balkan Petroleum Holding Limited”за започната постапка за преземање во износ од 3.860.615 МКД, како и обврски по грант ЕБРД-втора фаза 494.966 МКД.

Капиталот и резервите на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2017 година, со добивката за финансиската година, изнесуваат 86.897.985 МКД. Од тоа запишаниот капитал изнесува 48.305.935 МКД, резервите 27.256.186 МКД, добивката за финансиската година 4.507.970 МКД и задржана добивка 6.827.894 МКД.

**Скопје,Февруари 2018 година**

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Антигона Буклеска Младеновиќ**

ЦДХВ АД

## ПРИЛОГ 1

## БИЛАНС НА УСПЕХ
### за период од 01-01-2017 до 31-12-2017 година

| Приходи | 2016 | 2017 | Индекс 2017/2016 | Програма 2017 | Индекс 2017/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Приходи од камати** | **1,118,192** | **913,128** | **82** | **1,002,500** | **91** |
| **2.Приходи од провизии и надоместоци** | **30,274,822** | **37,400,212** | **124** | **36,029,499** | **104** |
| Надомест за прием на нови членки | 660,000 | 0 | 0 | 0 | n/a |
| Годишна членарина за членство | 1,000,693 | 950,025 | 95 | 1,076,695 | 88 |
| Приходи од порамнување на овластена берза | 6,946,163 | 10,489,966 | 151 | 8,400,000 | 125 |
| Надомест за иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност | 128,000 | 176,000 | 138 | 160,000 | 110 |
| Приходи од годишен надомест за водење на евиденција за акциите, годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на акции, годишен надомест за водење на евиденцијата за акциите на издавач со пасивен статус | 8,767,243 | 14,383,086 | 164 | 14,071,427 | 102 |
| Годишен надомест за водење на евиденција на ДХВ со кои се тргува и не се тргува на пазарот,како и годишен надомест за водење на сметки на сопственици на ДХВ | 1,764,724 | 2,056,103 | 117 | 1,761,377 | 117 |
| Приходи од упис на емисии | 1,680,000 | 1,664,000 | 99 | 1,760,000 | 95 |
| Приходи од правни лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 8,286,252 | 6,819,989 | 82 | 7,500,000 | 91 |
| Приходи од физички лица лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 805,247 | 666,043 | 83 | 1,000,000 | 67 |
| Приходи од увид и копија во акционерски книги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 236,500 | 195,000 | 82 | 300,000 | 65 |
| **3.Останати приходи од дејност** | **390,331** | **529,211** | **136** | **600,000** | **88** |
| **4.Нето добивка од курсни разлики** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **5.Приходи од грант** | **3,689,337** | **1,235,008** | **33** | **4,950,750** | **25** |
| **Вкупни приходи** | **35,472,682** | **40,077,559** | **113** | **42,582,749** | **94** |

## БИЛАНС НА УСПЕХ
## за период од 01-01-2017 до 31-12-2017 година

| Расходи | 2016 | 2017 | Индекс 2017/2016 | Програма 2017 | Индекс 2017/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Расходи од провизии и надоместоци** | **95,190** | **159,623** | **168** | **100,000** | **160** |
| Провизии од банки | 95,190 | 159,623 | 168 | 100,000 | **160** |
| **2.Нето загуба од курсни разлики** | | | | | **n/a** |
| **3.Трошоци вработени** | **14,828,956** | **14,196,074** | **96** | **16,000,000** | **89** |
| **4. Амортизација** | **1,520,657** | **1,398,518** | **92** | **2,081,782** | **67** |
| **5.Исправка на вредност на побарувања** | **2,296,088** | **1,239,403** | **54** | **1,900,000** | **65** |
| **6.Останати расходи од дејност** | **16,593,833** | **17,340,963** | **105** | **17,285,657** | **100** |
| Материјални исличните трошоци | 1,469,014 | 1,559,612 | 106 | 1,745,000 | **89** |
| Трошоци услуги | 2,249,434 | 2,209,218 | 98 | 2,320,000 | **95** |
| Провизија за КХВ | 10,842,180 | 10,505,592 | 97 | 10,505,597 | **100** |
| Одбор на директори | 583,345 | 600,012 | 103 | 584,000 | **103** |
| Трошоци за службени патувања | 199,109 | 284,936 | 143 | 300,000 | **95** |
| Трошоци за репрезентација,реклама и пропоаганда | 270,222 | 267,525 | 99 | 300,000 | **89** |
| Осигурување | 22,573 | 13,348 | 59 | 200,000 | **7** |
| Други трошоци | 957,956 | 1,900,720 | 198 | 1,331,060 | **143** |
| **7.Расходи од грант** | **3,689,337** | **1,235,008** | **33** | **4,950,750** | **25** |
| **Вкупни расходи** | **39,024,061** | **35,569,589** | 91 | **42,318,189** | **84** |
| **Добивка пред оданочување** | 0 | **4,507,970** | 0 | **264,560** | **1,704** |
| **Загуба пред оданочување** | **-3,551,379** | **0** | **0** | **0** | **n/a** |
| **Данок од добивка** | **0** | **0** | **0** | **0** | **n/a** |
| **Добивка за финансиската година** | **0** | **4,507,970** | **0** | **264,560** | **1,704** |
| **Загуба за финанската година** | **-3,551,379** | **0** | **0** | **0** | **n/a** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
## на ден 31-12-2017 година
### АКТИВА

во денари

| Назив | 2016 | 2017 | Индекс 2017/2016 |
|---|---|---|---|
| **1.Парични средства и парични еквиваленти** | **7,068,423** | **5,130,318** | **73** |
| **2.Кредити на и побарувања од банки и комитенти** | **61,840,762** | **63,423,901** | **103** |
| Депозити | 54,734,568 | 56,737,891 | 104 |
| Вложувања расположливи за продажба | 0 | 0 | 0 |
| Побарувања од комитенти | 7,106,194 | 6,686,010 | 94 |
| **3.Вложувања во банки** | **76,471** | **76,471** | **100** |
| **4.Нематеријални средства** | **541,739** | **1,804,395** | **333** |
| 4а.Нематеријални средства | 541,739 | 413,086 | 76 |
| 4б.Нематеријални средства во подготовка | 0 | 1,391,309 | н/а |
| **5.Материјални средства** | **18,480,872** | **21,682,372** | **117** |
| 5а.Материјални средства | 18,480,872 | 17,372,279 | 94 |
| 5б.Материјални средства во подготовка | 0 | 4,186,807 | н/а |
| 5в.Останати материјални средства | 0 | 123,286 | н/а |
| **7.Останати средства/побарувања** | **446,831** | **331,873** | **74** |
| Побарувања за данок на добивка | 24,276 | 24,276 | 100 |
| Останати побарувања | 422,555 | 307,597 | 73 |
| **8.Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **246,032** | **137,395** | **56** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **88,159,391** | **92,586,725** | **105** |

### ПАСИВА

| Назив | 2016 | 2017 | Индекс 2017/2016 |
|---|---|---|---|
| **1.Обврски** | **6,311,115** | **5,688,740** | **90** |
| Останати обврски | 1,286,935 | 862,846 | 67 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 5,024,180 | 4,825,894 | 96 |
| **2.Капитал и резерви** | **82,390,015** | **86,897,985** | **105** |
| Запишан капитал | 48,305,935 | 48,305,935 | **100** |
| Резерви | 27,256,186 | 27,256,186 | **100** |
| Добивка за финансиска година | 0 | 4,507,970 | **н/а** |
| Загуба за финансиска година | -3,551,379 | 0 | **н/а** |
| Задржана добивка | 10,379,273 | 6,827,894 | 66 |
| **ПАСИВА** | **88,701,130** | **92,586,725** | 104 |

# ПРИЛОГ 2

Евидентирани нови акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2017 година

| Назив | Емисија | Регистрација во системот на ЦДХВ | Број на новоиздадени хартии од вредност | Вкупна вредност на емисијата |
|---|---|---|---|---|
| САЈТРОКС АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 03.04.2017 | 25.000 ОБИЧНИ | 25.000 ЕУР |
| РК ЕУРОФАРМ РАБОТНИК АД БИТОЛА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 21.06.2017 | 500 ОБИЧНИ | 25.000 ЕУР |
| ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД СТРУМИЦА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 21.06.2017 | 2.500 ОБИЧНИ | 25.000 ЕУР |
| РИЗИКО ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 14.07.2017 | 2.000 ОБИЧНИ | 50.000 EUR |
| СКОПЈЕ ФУДБАЛСКИ КЛУБ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 19.07.2016 | 255 ОБИЧНИ | 25.500 EUR |
| АУРОН БРОКЕР АД СТРУГА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 29.08.2017 | 500 ОБИЧНИ | 50.000 ЕУР |
| КК БЛОКОТЕХНА-НБ АД ГЕВГЕЛИЈА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 09.10.2017 | 25 ОБИЧНИ | 25.000 EUR |
| КК ГОСТИВАР АД ГОСТИВАР | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 19.10.2017 | 276 ОБИЧНИ | 27.600 EUR |
| ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ ЖИВОТ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 20.10.2017 | 100.000 ОБИЧНИ | 5.000.000 EUR |
| ВИН БРОКЕР АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 25.10.2017 | 500 ОБИЧНИ | 50.000 EUR |

Евидентирани нови емисии на постојни акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2017 година

| Назив | Емисија | Регистрација во системот на ЦДХВ | Број на новоиздадени хартии од вредност | Вкупна вредност на емисијата |
|---|---|---|---|---|
| М-НАВ АД СКОПЈЕ | ТРЕТТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 24.01.2017 | 38.860 ОБИЧНИ | 38.860.000,00 МКД |
| ПРОКРЕДИТ БАНКА АД СКОПЈЕ | ПЕТТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 12.07.2017 | 600.000 ОБИЧНИ | 3.000.000 ЕУР |

Евидентирани стечаи над акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2017 година

| |
|---|
| КИК АД КУМАНОВО<br>РЖ КПОР АД СКОПЈЕ<br>МЗТ ЛЕАРНИЦА АД СКОПЈЕ<br>ТРЕСКА ОСОГОВО АД КРИВА ПАЛАНКА<br>ВЕРА ЈОЦИЌ АД МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА<br>НАМА КУМАНОВО АД КУМАНОВО<br>ОГРАЖДЕН БЕРОВО АД БЕРОВО<br>ПЛАН АД ОХРИД<br>АЛГРЕТА АД РЕСЕН<br>МАКЕДОНИЈАПРОЕКТ АД СКОПЈЕ<br>МАШИНОПРОМЕТ АД СКОПЈЕ<br>ПРУЖИНИ И ТЕКСТИЛ АД ДЕМИР ХИСАР<br>ЗИК СКАЧКОВЦЕ АД КУМАНОВО<br>ПРОМЕТ-ТУТУН АД СКОПЈЕ<br>ФЕНИ ИНДУСТРИ АД КАВАДАРЦИ<br>РК ЗОМИМАК-М АД СТРУМИЦА<br>ТРИКОТАЖА ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА |

Акционерски друштва кои во 2017 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради преобразба.

| |
|---|
| ВЕИБО ГРУП МАСЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ |
| ИБО ИНШУРЕНС АД КУМАНОВО |
| АГРОКУМАНОВО АД КУМАНОВО |
| ЛИРАК АД ТЕТОВО |
| ИНТЕРПРОГРЕС АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во 2017 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради бришење во Ц.Р.

| |
|---|
| МК ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ |
| ГРАДИНАР 2002 АД ПРИЛЕП |
| ХУД ЦРВЕНА ЗВЕЗДА АД КИЧЕВО |
| АГРОСТРМОШ АД ПРОБИШТИП |
| ИНДУСТРИСКИ ЛАДИЛНИК АД |
| БУТЕЛ СПОМЕНИЦА АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во 2017 година кои се активирани во системот на ЦДХВ заради излегување од стечај со план за реорганизација на друштвото, укинато решение за стечај, или укинато решение за бришење од Ц.Р.

| |
|---|
| ТРИКОТАЖА ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА |
| МАШИНОПРОМЕТ АД СКОПЈЕ |
| АГРОСТРМОШ АД ПРОБИШТИП |

Акционерски друштва кои во 2017 година издале корпоративни обврзници.

| |
|---|
| КАПИТАЛ БАНКА АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во 2017 година извршиле намалување на основна главнина на друштвото.

| |
|---|
| ПИВАРА АД СКОПЈЕ |